# КАРПОШ

## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН

















ПР. 7.5.40

**Табеларен и графички приказ на среднодневните концентрации на успендирани честички со големина до 10 микрометри (PM10) од Скопје, за месец август 2017 година**

| $PM_{10}$ / µg/m³ | Центар | Карпош | Лисиче | Гази Баба | Ректорат |
|---|---|---|---|---|---|
| 01/08/2017 | 24.5 | 28.7 | 24.6 | 43.3 | 38.6 |
| 02/08/2017 | 25.2 | 35.5 | 21.2 | 41.0 | 32.5 |
| 03/08/2017 | 29.4 | 39.1 | 29.5 | 30.0 | 40.2 |
| 04/08/2017 | 39.7 | 35.8 | 37.9 | 67.5 | 49.0 |
| 05/08/2017 | 48.0 | 49.3 | 39.8 | 54.8 | 58.4 |
| 06/08/2017 | 37.9 | 47.0 | 37.5 | | 49.3 |
| 07/08/2017 | 43.7 | 52.7 | 45.4 | 79.9 | 62.1 |
| 08/08/2017 | 39.5 | 39.8 | 40.3 | 55.2 | 52.6 |
| 09/08/2017 | 39.9 | 46.1 | 41.6 | 60.4 | 53.9 |
| 10/08/2017 | 39.1 | 44.9 | 39.6 | 53.9 | 48.5 |
| 11/08/2017 | 41.9 | 52.6 | 59.6 | 60.9 | 52.2 |
| 12/08/2017 | 49.4 | 58.3 | 51.6 | 70.7 | 71.4 |
| 13/08/2017 | 21.7 | 18.1 | 19.8 | 32.2 | 30.4 |
| 14/08/2017 | 18.7 | 20.9 | 23.3 | 31.7 | 37.0 |
| 15/08/2017 | 27.2 | 30.4 | 38.8 | 45.1 | 44.8 |
| 16/08/2017 | 30.1 | 35.3 | 38.7 | 49.0 | 44.0 |
| 17/08/2017 | 35.9 | 40.8 | 43.8 | 56.1 | 49.3 |
| 18/08/2017 | 34.6 | 37.8 | 35.8 | 64.8 | 48.8 |
| 19/08/2017 | 34.6 | 40.6 | 37.2 | 59.6 | 42.4 |
| 20/08/2017 | 36.9 | 45.3 | 41.5 | 68.6 | 55.3 |

| $PM_{10}$ / µg/m³ | Центар | Карпош | Гази Баба | Лисиче | Ректорат |
|---|---|---|---|---|---|
| Гранична 24h вредност за заштита на човековото здравје | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 |
| Колу денови е надмината 24h гр. вредност во тековниот месец | 1 | 3 | 12 | 2 | 7 |
| Колу денови е надмината 24h гр. вредност во 2017 | 70 | 75 | 113 | 77 | 117 |





# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА:**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

# СПОРТСКИТЕ УЧИЛИШНИ ИГРИ ВО КАРПОШ - МОЖАТ ДА ЗАПОЧНАТ

„Спортот е најубавата работа, што може да му се случи на еден човек во животот. Затоа спортувајте, бидејќи преку спортот ќе се изградите во вистински личности, ќе се научите на одговорно и дисциплинирано однесување, а ќе го зацврстите и вашиот карактер“. Со овие зборови, градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, во С. Ц „ Форца“ свечено ги прогласи за отворени училишните спортски игри. Во присуство на голем број наставници, спортски работници, како и ученици од сите основни училишта кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа, Јакимовски нагласи дека и оваа година ќе има возбудливи натпревари во фудбал, кошарка, ракомет и одбојка, тенис и шах.

-И оваа година ќе одиме на патување во спортскиот камп „ Скурас“ во соседна Грција. Годинава тој спортски летен одмор ќе трае десет дена. Ве охрабрувам, и момчињата и девојчињата активно да се занимавате со спорт, во било која спортска дисциплина, се со цел, токму некој од вас, еден ден да прерасне во наш спортски репрезентативец, кој ќе ги брани боите на Македонија, на големите спортски наптреварувања, потенцираше првиот човек на локалната самоуправа Стевчо Јакимовски.

Раководителот на одделението за култура и спорт при Општина Карпош, Патрик Поповски истакна дека деветта година по ред, Општината ги организира овие спортски игри, и дека истите придонесуваат за поттикнување на спортскиот дух, како и за надоградување на талентот кај основците. Како што нагласи Поповски, Општина Карпош и градоначалникот Јакимовски, вложува во најдобрите карпошови спортисти, и истите ги мотивира и понатаму да продолжат професионално да се занимаваат со спорот. Најдобрите добиваат спортски стипендии и наградни патувања во текот на летото, во соседните држави.



# ОБНОВЕНО ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ НА КЕЈОТ ВО КАРПОШ

Деновиве Општина Карпош изврши целосна реконструкција на детското игралиште во близина на Скејт паркот покрај кејот на реката „Вардар". Игралиштето е целосно реконструирано и збогатено со разновидни детски реквизити, а најмалите карпошани ќе можат безбедно да го користат во деновите кои следат.

Општина Карпош повеќе од две години во континуитет реконструира и поправа веќе постоечки детски игралишта и апелира истите да бидат сочувани и граѓаните на Карпош да се грижат за нив.





# СТИПЕНДИИ ЗА НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ И СПОРТИСТИ ОД КАРПОШ

„Општина Карпош секогаш ги помагала, а и понатаму ќе ги помага талентираните спортисти и ученици''. Ова денеска го најави првиот човек на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, на свеченото доделување на стипендии за талентирани ученици и спортисти во просториите на основното училиште ,, Братство “. На свечената манифестација, Јакимовски, во присуство на директори, ученици и родители додели вкупно 57 стипендии за талентирани ученици и спортисти од кои 29 се наменети за талентираните ученици, додека 28 се за талентирани спортисти од училиштата кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа.

Градоначалникот Јакимовски им порача на учениците активно да се занимаваат со спортот, бидејќи на тој начин ќе се изградат во вистински личности кои ќе знаат што е одговорност, дисциплина и ред.

-Преку спортот ќе се научите и на солидарност, односно ќе научите да функционирате во тим. Никогаш немојте да се откажете, и запомнете од моето лично искуство, како поранешен спортист првак, поразите се уште поскапоцени, бидејќи од нив ги учите грешките, станувате посилни, го зацврстувате вашиот карактер и станувате потоа најсилни, потенцираше градоначалникот Јакимовски.

Општинскиот татко на талентираните ученици им посака многу успех и надоградба во знаењето, посакувајќи им еден ден да станат врвни доктори, инжинери, политичари, хемичари или академици.



# НОВИ 13 ДЕФЕКТОЛОЗИ ЗА УЧИЛИШТАТА ВО КАРПОШ

Општина Карпош во соработка со УНДП и Агенцијата за вработување на Република Македонија, како и со директорките на осум основни училишта од Општината, потпиша Меморандум за реализација на проектот „ Карпош за еднаквите во училиштата“. Како што нагласи градоначалникот на Општината Стевчо Јакимовски, локалната самоуправа, постојано апелирала за ангажирање на стручни дефектолози кои ќе работат со ученици со посебни потреби- основци во училиштата на територијата на локалната самоуправа.

-Искрено, многу сум задоволен што потпишуваме ваков Меморандум за соработка, со кој ќе се вработат образовни и лични асистенти, кои ќе работат на поголема образовна инклузија на децата со посебни потреби. Во училиштата во Карпош учат преку 70 основци со посебни потреби од кои 55 се со документ. Претходната Влада на Република Македонија, ангажираше 4 стручни лица, број за кој сметам дека е несоодветен за потребите на училиштата, нагласи Јакимовски.

Тој истакна дека Општината и досега ги обучувала постојните одделенски и предметни наставници во училиштата во Карпош да можат да работат и со овие деца, кои исто така се наши ученици, но, согласно актуелните состојби потребно е стручни лица – дефектолози кои имаат соодветно и наменско образование, да работат токму со оваа проблематика.

Раководителката на Секторот за дејности од јавен интерес Анета Марковска- Илиевска, напомена дека вкупно 13 дефектолози ќе бидат ангажирани со овој проект, кои ќе примаат месечен надоместок од 6.200 денари, додека Општината со свои финансиски средства ќе го покрива превозот за стручните лица.

-На барање на родителите, Општина Карпош аплицираше до финансисерот на проектот УНДП за времено ангажирање на 13 лица кои ќе бидат асистенти за учениците со попреченост во развојот.

Проектот ќе започне да се спроведува од 1 октомври, и ќе заврши на 31 мај, по што ќе следува евалуација на истиот. Осум, од вкупно десет училишта кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа ќе учествуваат во проектот, потенцираше Марковска- Илиевска.

Основните училишта: „Братство“, „Владо Тасевски“,„ Димо Хаџи Димов“, „Аврам Писевски“, „Јан Амос Коменски“, „Петар Поп Арсов“, „Лазо Трповски“ и „Вера Циривири –Трена“, се осумте училишта од Општина Карпош кои го потпишаа меморандумот и ќе учествуваат во спроведувањето на овој проект.



# КАРПОШ СО ОФИЦИЈАЛНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЗАГАДЕНОСТА НА ВОЗДУХОТ

Според официјалните податоци на Министерството за животна средина и просторно планирање кои излегоа со релевантни извештаи од месечните мерења од повеќе мерни станици за квалитет на воздух, утврдено е дека нема отстапки од референтните вредности на загадување. За таа цел, функционира и мерната станица во Општина Карпош, поставена во основното училиште Петар Поп Арсов.

Графичкиот и табеларен приказ на ПМ 10 честички и други хемиски супстанци во воздухот можат да се следат на нивната веб страна: http://air.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2015/07/0204_201708VkupenIzvestaj.pdf

Со тоа се покажуваат еколошките параметри за загаденоста на воздухот на ниво на град Скопје и на цела територија на Карпош. Локалната самоуправа на својата официјална веб страна редовно ќе ги ажурира сите известувања од Министерството за животна средина и просторно планирање, кои се однесуваат на мерењата за квалитетот на воздухот во Општина Карпош.

СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ ISO 9001:2008
ПР.7.5.40

***Табеларен и графички приказ на среднодневните концентрации на успендирани честички со големина до 10 микрометри (PM10) од Скопје, за месец август 2017 година***

| $PM_{10}$ / µg/m³ | Центар | Карпош | Лисиче | Гази Баба | Ректорат |
|---|---|---|---|---|---|
| 01/08/2017 | 24.5 | 28.7 | 24.6 | 43.3 | 38.6 |
| 02/08/2017 | 25.2 | 35.5 | 21.2 | 41.0 | 32.5 |
| 03/08/2017 | 29.4 | 39.1 | 29.5 | 30.0 | 40.2 |
| 04/08/2017 | 39.7 | 35.8 | 37.9 | 67.5 | 49.0 |
| 05/08/2017 | 48.0 | 49.3 | 39.8 | 54.8 | 58.4 |
| 06/08/2017 | 37.9 | 47.0 | 37.5 | | 49.3 |
| 07/08/2017 | 43.7 | 52.7 | 45.4 | 79.9 | 62.1 |
| 08/08/2017 | 39.5 | 39.8 | 40.3 | 55.2 | 52.6 |
| 09/08/2017 | 39.9 | 46.1 | 41.6 | 60.4 | 53.9 |
| 10/08/2017 | 39.1 | 44.9 | 39.6 | 53.9 | 48.5 |
| 11/08/2017 | 41.9 | 52.6 | 59.6 | 60.9 | 52.2 |
| 12/08/2017 | 49.4 | 58.3 | 51.6 | 70.7 | 71.4 |
| 13/08/2017 | 21.7 | 18.1 | 19.8 | 32.2 | 30.4 |
| 14/08/2017 | 18.7 | 20.9 | 23.3 | 31.7 | 37.0 |
| 15/08/2017 | 27.2 | 30.4 | 38.8 | 45.1 | 44.8 |
| 16/08/2017 | 30.1 | 35.3 | 38.7 | 49.0 | 44.0 |
| 17/08/2017 | 35.9 | 40.8 | 43.8 | 56.1 | 49.3 |
| 18/08/2017 | 34.6 | 37.8 | 35.8 | 64.8 | 48.8 |
| 19/08/2017 | 34.6 | 40.6 | 37.2 | 59.6 | 42.4 |
| 20/08/2017 | 36.9 | 45.3 | 41.5 | 68.6 | 55.3 |
| 21/08/2017 | 31.3 | 25.2 | 17.9 | 33.6 | 29.7 |
| 22/08/2017 | 24.3 | 18.3 | | 30.4 | 31.5 |
| 23/08/2017 | 50.6 | 28.4 | | 23.5 | 36.6 |
| 24/08/2017 | 37.1 | 33.9 | | 25.1 | 41.3 |
| 25/08/2017 | 33.2 | 39.5 | 41.1 | 29.5 | 41.2 |
| 26/08/2017 | 35.1 | 38.9 | 39.3 | 31.3 | 42.8 |
| 27/08/2017 | 33.1 | 38.4 | 40.7 | | 42.1 |
| 28/08/2017 | 37.1 | 40.7 | 35.8 | | 45.9 |
| 29/08/2017 | 29.1 | 29.0 | 32.4 | 19.3 | 37.9 |
| 30/08/2017 | 23.7 | 28.9 | 34.3 | 23.0 | 35.5 |
| 31/08/2017 | 35.6 | 34.5 | 36.3 | 27.6 | 40.0 |

| $PM_{10}$ / µg/m³ | Центар | Карпош | Гази Баба | Лисиче | Ректорат |
|---|---|---|---|---|---|
| Гранична 24h вредност за заштита на човековото здравје | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 |
| Колу денови е надмината 24h гр. вредност во тековниот месец | 1 | 3 | 12 | 2 | 7 |
| Колу денови е надмината 24h гр. вредност во 2017 | 70 | 75 | 113 | 77 | 117 |




*Среднодневни концентрации на суспендирани честички со големина до 10 микрометри(PM10)*

# ТРАДИЦИОНАЛЕН ЕСЕНСКИ КРОС НА КЕЈОТ НА ВАРДАР

Традиционално, по деветти пат на кејот на реката Вардар се одржа атлетскиот крос турнир. Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски истакна дека локалната самоуправа постојано вложува во најмладите, токму преку поттикнување на спортскиот дух.- Многупати сум ви напоменал, и пак ќе нагласам дека преку спортот вие се надградувате како личности, и созревате. Преку активното занимавање со спорт вие дисциплинирано работите, учите да функционирате во тим, односно ги учите сите оние вредности кои ќе ве изградат во силни и совесни личности, нагласи општинскиот татко Стевчо Јакимовски. Во категоријата - девојчиња на 150 метри од шесто одделение победничка е Ениса Јашарова од училиштето Аврам Писевски, додека во категоријата момчиња на 200 метри, исто одделение е победник Лука Писливиќ од ,, Петар Поп Арсов''. Седмоодделенката Љубица Славевска од ,, Лазо Трповски'' е победничка на 200 метри, додека седмоодделенецот Насер Бајрами од ,, Аврам Писевски'' е победник на трката на 250 метри. Ана Божиновска од ,, Димо Хаџи Димов'' е прва во категоријата на 200 метри ( 8 одделение), додека Петар Муратовски од,, Христијан Тодоровски- Карпош'' најбрзо истрча 350 метри од своите врсници осмоодделенци. Деветтоодfestенката Фросина Трајковска од ,, Петар Поп Арсов'' е најбрза на 350 метри додека Јосиф Јаковлевски стигна прв до целта трчајќи најбрзо 400 метри на овогодинешниот крос. На турнирот учествуваа ученици - основци од шесто до деветто одделение од сите десет општински основни училишта кои се наоѓаат на територијата на Карпош.

